Velo Schools Skopje
Street:Kozle 26 A,1000 Skopje, R. Macedonia
Tel: 389 78 365 902
www.ecologic.mk

# ОГЛАС ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА ВЕЛО СОРАБОТНИК

**Опис на ангажманот:**

Вело Училишта, како организација која активно работи во полето на промоција и интеграција на велосипедизмот кај деца и млади, има потреба од ангажирање на **вело соработник,** во определен период од 2-3 месеци, со можност за продолжување. Вело соработникот ќе биде вклучен во различни активности поврзани со темата велосипедизам, почнувајќи со планирање на истите, нивна имплементација, како и комуникација и известување.

Ангажманот се однесува на полно работно време, односно 8 часа на ден, од понеделник до петок во канцеларијата на Вело Училишта во Општина Карпош, населба Козле, со можност за работа преку викенд кога се организираат настани (пример: Вело Родео, вело тренинг и слични), за што следи дополнителен надоместок. Основниот хонорар зависи од искуството, вештините и знаењето кои ги поседува кандидатот, и истиот ќе се дискутира на самото интервју, кое ќе биде во две фази (онлајн интервју и запознавање, и физичко интервју и тестирање).

Повеќе за ВЕЛО УЧИЛИШТА и нашата работа можете да дознаете на следнава веб страна: www.veloschools.mk

**Работни задачи:**

- Спроведување на анкети со таргет групите (деца, млади, општо велосипедисти, вело клубови, итн.)
- Планирање, организирање и реализација на вебинари
- Планирање, организирање и реализација на теоретски и практични тренинзи (со наставници и останати едукатори), со физичко присуство, на теми: одржување на велосипед, урбана мобилност, безбедност во сообраќај, и други (базирани на веќе готови материјали)
- Планирање, организирање на работилници со деца и родители (базирани на веќе готови материјали)
- Организирање на онлајн тренинзи (базирани на веќе готови материјали)
- Учество во тимот за планирање, организирање и реализација на разни вело настани
- Подготовка на извештаи за реализираните активности

**Потребни квалификации:**

- Завршено високо образование ќе е предност, но во ниеден случај не е ограничувачки фактор за оваа позиција
- Претходно искуство во работа со проекти од разни донатори ќе се смета за предност
- Претходно искуство како едукатор/тренер ќе се смета за предност, но не е ограничувачки фактор
- Знаење и експертиза во областа на велосипедизам, теорија и пракса:
- историја на велосипедизмот,
- факти за велосипедизам,
- типови на велосипеди и нивна намена,
- потребна опрема – облека, алат, делови и сл.,
- основно одржување на велосипед,
- правила во сообраќај,
- урбана / рурална вело инфраструктура
- друго
- Одлично познавање на англиски јазик
- Одлично познавање и работа со Microsoft Office пакетот
- Напредни организациски и комуникациски вештини
- Можност за патување во и надвор од Македонија
- Поради потребата од патување во разни училишта и реализација на вело работилници низ Македонија,  возачка е неопходна – Б категорија.

Отворениот оглас се однесува и на мажи и на жени, без никакви ограничувања.

**Динамика:**

| | |
|---|---|
| Објавување на огласот: | 27.03.2024 |
| Примање на пријави од заинтересирани кандидати до: | 08.04.2024 |
| Закажување на онлајн интервјуа и запознавање: | 09.04.2024 и 10.04.2024 |
| Закажување на физички интервјуа и тестирање: | 11.04.2024 и 12.04.2024 |
| Започнување со ангажман: | 15.04.2024 |

Velo Schools Skopje
Street:Kozle 26 A,1000 Skopje, R. Macedonia
Tel: 389 78 365 902
www.ecologic.mk

Сите заинтересирани кандидати/ки, своите **кратки биографии и мотивациони писма** да ги испратат, најдоцна до понеделник, 08.04.2024 година на следните мејл адреси: veloschools.ecologic@gmail.com и на ecologic.mk@gmail.com

Доколку сметате дека ви фали одредена информација ве охрабруваме да ни се јавите на следниов телефонски број: 078 365 902

Срдечен поздрав,
Тимот на Вело Училишта